# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

кратоок документ

април-јуни 2024

Институт за европска политика. Скопје

ЕУ со ТЕБЕ

Овој проект е финансиран од Европската унија



# Владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ

Квартален извештај јануари-март 2024

Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери

Автори:
Ангела Делевска
Беба Жагар
Јулијана Караи
Цветанка Александроска

Превод од англиски на македонски јазик:
Ана Попова Манасиевска

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн:
Релатив

Скопје, 2024

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија. Содржината на овој краток документ за политики е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.



Овој краток документ дава преглед на клучните случувања поврзани со владеењето на правото во поглед на пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ за периодот од јануари до март 2024 година. Тој вклучува **следење на темелите на пристапувањето во ЕУ, вклучувајќи ги и клучните случувања во областа на функционирањето на демократските институции, реформата на јавната администрација и Поглавјето 23: правосудството и темелните права.**

## Клучни случувања

- На 28 јануари беше формирана преодна влада на чело со првиот премиер етнички Албанец;
- Во февруари беа објавени кандидатите за претстојните претседателски избори. Седум од нив успеаја да ги соберат потребните 10.000 потписи за да се вклучат во претседателската трка;
- На 28 февруари беше комплетиран составот на ДИК со изборот на седмиот член предложен од Европскиот сојуз за промени;
- Измените на Изборниот законик беа усвоени со што се дозволи користењето документи со старото име на државата за гласање, се допрецизираа процесите за регистрирање на гласачите и се одредија повисоки квоти за собирање потписи за независни кандидати – потег што беше критикуван и проследен со повик од независните кандидати за негово укинување;
- Се формираа различни предизборни коалиции за парламентарните избори, со различни агенди и раководство, со што се постави сцената за изборите;
- Дискусијата за предлог-измените на Законот за рестриктивни мерки, чија цел е проширување на основите за изрекување мерки против лицата што се на црна листа беше одложена и тие понатаму ќе бидат доставени до Собранието;
- И понатаму имаше проблеми околу промената на документите согласно Преспанскиот договор, што предизвика конфузија и загриженост кај граѓаните;
- Распишувањето на претстојните претседателски и парламентарни избори во Собранието предизвика загриженост за независноста на судската власт, особено во однос на примената на Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси. Додека Судскиот совет одлучи привремено да ги запре постапките за избор и оценување на одговорноста на претседателите на судовите и судиите, Советот на јавни обвинители не презеде такви мерки. Дополнително, Академијата за судии и јавни обвинители доби претставка од Државната комисија за спречување на корупција во врска со тековните испити за прием на слушатели од IX генерација, што укажува на поширoки предизвици во поврзаните институции;
- Усвојувањето на измените на шест закони, кои влијаеја на платите на повеќе од 1.000 избрани и именувани функционери, вклучително и на високи позиции, како претседателот, замениците, министрите, судиите и јавните обвинители, предизвика приговори од клучните судски тела и здруженија. Овие измени го запреа понатамошното зголемување на платите, но притоа го задржаа значителното покачување од претходната година, предизвикувајќи загриженост за финансиската независност на судството и за влијанието врз различни аспекти од нивните улоги и обврски;
- Развојната секторска стратегија за правосудството 2024-2028, која беше усвоена во декември 2023 година, предвидува формирање совет што ќе го надгледува нејзиното спроведување, обезбедувајќи придржување кон Акцискиот план, следење на приоритетите и оценување на резултатите;
- Враќањето на функција на претходно разрешената претседателка на Судскиот совет ги поттикна напорите за спроведување на препораките на оценската мисија на ЕУ преку усвојување на акциски план, придружен со продолжување на проектите претходно запрени од дипломатските мисии;
- Република Северна Македонија беше рангирана на 76-тото место во светот со 42 индексни поени во најновиот Индекс на перцепција на корупцијата на Транспаренси интернешнл, при што измените и дополнувањата на Кривичниот законик усвоени во 2023 година беа оценети како штетни за борбата против корупцијата;
- Мандатот на новиот состав на ДКСК составен од четворица ревизори, двајца вработени во ДКСК и една судијка почна на осми февруари;
- Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите, со цел да се решат безбедносните проблеми во затворите, да се создаде побезбедна средина во затворите, како и општа безбедност во државата, а кои треба да се постигнат со формирање единица за затворско разузнавање и единица за интервенција;
- Беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со што се укина забраната за државно рекламирање во медиумите и се воведоа две нови поглавја за државните кампањи на државно ниво и државните кампањи на локално ниво, со вкупно 12 нови члена кои го регулираат ова прашање;
- На средината на март, Собранието го усвои новиот закон за правда за децата, кој воведува и регулира ресторативна правда и конкретно го регулира правото на надоместок на детето-жртва, меѓу другите аспекти;
- На крајот на март, Уставниот суд ја укина одредбата од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани, што наметнуваше пречка лицата над 65 години да добиваат надоместок поради инвалидност;
- Кон крајот на март, Основниот суд во Неготино ја донесе првата пресуда во македонскиот судски систем со која се утврдува говор на омраза против ЛГБТИ+ лицата на социјалните мрежи.



# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| **АА** | Алијанса за Албанците |
| **ААВМУ** | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| **ЗНМ** | Здружение на новинари на Македонија |
| **АСЈО** | Академија за судии и јавни обвинители |
| **ОЈО ГОКК** | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| **КСЗД** | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| **СЈОРСМ** | Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија |
| **ГО** | Граѓански организации |
| **ДУИ** | Демократска унија за интеграција |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човекови права |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **НМИ** | Набљудувачка мисија за изборите |
| **ЕЦПР** | Европски центар за права на Ромите |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ГРЕКО** | Група на држави против корупцијата |
| **ГРОМ** | Граѓанска опција за Македонија |
| **РА** | Разузнавачка агенција |
| **Совет на ИКТ** | Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи |
| **ЛГБТИ+** | Лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални лица |
| **МЕПСО** | Електропреносен систем-оператор на Република Северна Македонија |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МПЦ** | Македонска православна црква |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **НАТО** | Северноатлантска договорна организација |
| **ОДИХР** | ОБСЕ – Канцеларија за демократски институции и човекови права |
| **ОНА** | Ослободителна национална армија |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **АЗЛП** | Агенција за заштита на лични податоци |
| **ЈО** | Јавно обвинителство |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **ДИК** | Државна изборна комисија |
| **СЕММ** | Совет за етика во медиумите во Македонија |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупција |
| **СДСМ** | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| **ДИК** | Државна изборна комисија |
| **ССНМ** | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| **УНИЦЕФ** | Фонд за деца на Обединетите нации |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |
| **ЗНАМ** | За наша Македонија |



# Содржина


**Функционирање на демократските институции** .... 6

Избори .... 7
Собрание .... 9
Управување .... 10
Граѓанско општество .... 11
Граѓанска контрола врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор .... 11
Реформа на јавната администрација .... 12

**Поглавје 23** .... 13

Функционирање на судството .... 14
- Стратешки документи .... 14
- Управни тела .... 14
- Независност и непристрасност .... 15
- Отчетност .... 16
- Професионализам и компетентност .... 16
- Квалитет на правдата .... 17
- Ефикасност .... 18

Борба против корупцијата .... 19
- Државна комисија за спречување на корупција .... 19
- Јавно обвинителство .... 20
- Правна рамка .... 22

Темелни права .... 23
- Судска практика на Европскиот суд за човекови права .... 23
- Народниот правобранител .... 23
- Затворски и притворски установи .... 24
- Заштита на личните податоци .... 24
- Слобода на мисла, свест и вера .... 25
- Слобода на изразување .... 26
- Правата на детето .... 27
- Ранливи групи и начелото на недискриминација .... 27
- Род .... 28
- Говор на омраза .... 29
- ЛГБТИ+ .... 29
- Роми .... 30

# Функционирање на демократските институции



# Избори

Годината почна во исчекување на значајни политички промени во Република Северна Македонија. Претседателските и парламентарните избори договорени во декември 2023 година се значајни затоа што се први што се случија на крајот на редовен мандат во последните 17 години. Последните редовни парламентарни избори беа одржани во 2006 година. Очекуваните промени почнаа на 28 јануари со изборот на новата преодна (техничка) влада од страна на Собранието, која ќе функционира до изборите закажани за осми мај.[1]

Претстојните претседателски избори покажаа разновидна палета на кандидати поддржани од различни политички субјекти. Левица за свој кандидат номинираше угледна професорка од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј",[2] додека Демократската унија за интеграција (ДУИ) го избра својот досегашен потпретседател и актуелен министер за надворешни работи.[3] Актуелниот претседател беше избран да биде кандидат од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), а Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) избра професорка по право, пратеничка во Собранието и поранешна кандидатка за претседателските избори во 2019 година.[4] Дополнително, помалите партии предложија кандидати со различна заднина и припадност. Меѓу нив се градоначалникот на Куманово од политичката партија За наша Македонија (ЗНАМ), градоначалникот на Карпош и претседател на Граѓанска опција за Македонија (ГРОМ), активистка за човекови права поддржана од Бошњачкиот демократски сојуз и припадник на десничарската партија Десна. Независната кандидатура од универзитетски професор и специјалист за заразни болести додаде дополнителна разновидност во изборниот пејзаж.[5]

Во истиот период, Алијансата за Албанците (АА) се соочи со внатрешни несогласувања во однос на изборната стратегија, особено во однос на потенцијалните коалиции со други политички групи.[6] Оваа дебата доведе до поделби во партијата, што на крајот резултираше со избор на лидерот на АА за претседателски кандидат на Европскиот сојуз за промени.[7] Конечно, партијата се подели на две фракции: едната со албанската опозиција во рамките на Европскиот сојуз за промени,[8] а другата со Европскиот фронт предводен од ДУИ.[9]

И покрај широкиот спектар на предложени кандидати, само седуммина ги собраа потребните 10.000 потписи за да влезат во претседателската трка. Овие кандидати ги претставуваа ЗНАМ, ДУИ, Европскиот сојуз за промени, Левица, ГРОМ, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.[10]

---

1 Денеска се распишуваат 7-те претседателски избори и 11-те парламентарни во независна Македонија, Телма, 12 февруари 2024, https://telma.com.mk/2024/02/14/deneska-se-raspishuvaat-7-te-pretsedatelski-izbori-i-11-te-parlamentarni-vo-nezavisna-makedonija/.

2 Билјана Ванковска е претседателски кандидат од Левица, Радио Слободна Европа, 7 февруари 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32809078.html.

3 Бујар Османи ќе биде адут на ДУИ на изборите за претседател на Македонија, Телма, 22 февруари 2024, https://telma.com.mk/2024/02/22/bujar-osmani-ke-bide-adut-na-dui-na-izborite-za-pretsedatel-na-makedonija/.

4 Претседателски избори: Пендаровски против Силјановска по вторпат, Стевче Јакимовски објави кандидатура, Бујар Османи ќе истрча утре на листата на која веќе ги чека Ванковска, Телма, 21 февруари 2024, https://telma.com.mk/2024/02/21/pretsedatelski-izbori-pendarovski-protiv-siljanovska-po-vtorpat-stevche-jakimovski-objavi-kandidatura-bujar-osmani-ke-istrcha-utre-na-listata-na-koja-veke-gi-cheka-vankovska/.

5 Никој не сака да остане без претседателски кандидат на двојни избори, Радио Слободна Европа, 22 февруари 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/nikoj-ne-saka-da-ostane-bez-pretsedatelski-kandidat-na-dvojni-izbori/32830800.html.

6 "Rift over elections widens in North Macedonia Albanian party" (Раздорот за изборите се проширува во албанската партија во Република Северна Македонија), Balkan Insight, 9 февруари 2024, https://balkaninsight.com/2024/02/09/rift-over-elections-widens-in-north-macedonia-albanian-party/.

7 Арбен Таравари е претседателскиот кандидат на албанската опозиција, Радио Слободна Европа, 15 февруари 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32820748.html.

8 Таравари за поделбата во Алијанса за Албанците: Оставивме судот да одлучи, 360 степени, 25 февруари 2024, https://360stepeni.mk/taravari-za-podelbata-vo-alijansa-za-albantsite-ostavivme-sudot-da-odluchi/.

9 Ахмети и Села го потпишаа коалицискиот договор за заеднички настап на парламентарните избори, 360 степени, 30 март 2024, https://360stepeni.mk/ahmeti-i-sela-go-potpishaa-koalitsiskiot-dogovor-za-zaednichki-nastap-na-parlamentarnite-izbori/.

10 Седум кандидати официјално влегуваат во трка за претседател на Македонија, A1 On, 9 март 2024, https://a1on.mk/macedonia/sedum-kandidati-oficijalno-vleguvaat-vo-trka-za-pretsedatel-na-makedonija/.

Кон крајот на февруари и почетокот на март во Државната изборна комисија (ДИК) на Република Северна Македонија имаше одредени случувања. Собранието на 28 февруари го одобри предлогот на Европскиот сојуз за промени за нов член на ДИК, со што се комплетираше составот на Комисијата по неколку месеци работа со испразнето место.[11] Набргу потоа, претседателот на ДИК предложи измена на Изборниот законик за да се овозможи гласање на претстојните избори со користење на лични документи со старото име на државата[12] како одговор на хаосот предизвикан од рокот предвиден со Преспанскиот договор. Договорот предвидува документите со старото име на државата да престанат да важат на 12 февруари, што доведе до голема конфузија, бидејќи многу граѓани сè уште го немаа завршено процесот на замена на документите. Собранието ги усвои измените со кои, исто така, беше допрецизирана регистрацијата на гласачите, беа отстранети ограничувањата за истечени документи и се разјаснија процедурите за заведување во избирачките списоци за оние што ќе навршат 18 години меѓу изборните кругови.[13] Дополнително, со измените се зголемија и квотите на потребни потписи за учество на независни кандидати на изборите, за што сега се потребни потписи од најмалку 1% од регистрираните гласачи во нивната изборна единица.[14] Независните ги критикуваа измените, со барање за нивно отстранување и ги потенцираа тешкотиите при собирањето потписи преку канцелариите на ДИК поради нивната ограничена достапност во општините, што, според нив, останува проблем и по измените.[15]

Кон крајот на март, партиите во Република Северна Македонија ги финализираа своите листи со кандидати за парламентарните избори и почнаа да се формираат предизборни коалиции за претстојните парламентарни избори. Овие коалиции ги вклучуваа „Коалицијата за европска иднина“ предводена од СДСМ, „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ, „Храбро за Македонија“ предводена од ГРОМ, „Европски фронт“ предводена од ДУИ и „Вреди“ предводена од албанската опозиција, Европскиот сојуз за промени. ЗНАМ и Левица најавија самостојно учество на парламентарните избори.[16] Истовремено, ДИК со ждрепка го одреди редоследот на кандидатите за претседател на гласачкото ливче и го потврди завршувањето на јавниот увид во избирачкиот список. Дополнително беше најавено дека дијаспората ќе гласа само на претстојните претседателски избори. Ваквата одлука била донесена затоа што бројот на пријавени гласачи за парламентарните избори не го достигнал потребниот законски праг.[17]

11 Комплетиран составот на ДИК, избран Абдуш Демири за член на Комисијата, 24.mk, 28 февруари 2024, https://24.mk/details/kompletiran-sostavot-na-dik-izbran-abdush-demiri-za-chlen-na-komisijata.

12 ДИК предлага преодна одредба во Изборниот законик со која ќе може да се гласа со старите важечки документи, Радио Слободна Европа, 4 март 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32847280.html.

13 Ќе се гласа и со „неважечки документи“, Собранието изгласа измени на Изборниот законик, Радио Слободна Европа, 7 март 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32852021.html.

14 Измените на Изборниот законик ги зголемија квотите на граѓански потписи за учество на независни кандидати на изборите, 360 степени, 8 март 2024, https://360stepeni.mk/izmenite-na-izborniot-zakonik-gi-zgolemija-kvotite-na-graganski-potpisi-za-uchestvo-na-nezavisni-kandidati-na-izborite/.

15 Независните кандидати со реакција на измените на Изборниот законик: Партиите по скратена постапка го блокираа нашето учество на сите наредни избори, 360 степени, 11 март 2024, https://360stepeni.mk/nezavisnite-kandidati-so-reaktsija-na-izmenite-na-izborniot-zakonik-partiite-po-skratena-postapka-go-blokiraa-nasheto-uchestvo-na-site-naredni-izbori/.

16 Дефинирани пет предизборни коалиции на помалку од една недела до почетокот на изборната кампања, Канал 5, 30 март 2024, https://kanal5.com.mk/definirani-pet-predizborni-koalicii-na-pomalku-od-edna-nedela-do-pochetokot-na-izbornata-kampanja/a633006.

17 ДИК го утврди редоследот на гласачкото ливче за претстојните претседателски избори, Канал 5, 25 март 2024, https://kanal5.com.mk/dik-go-utvrdi-redosledot-na-glasachkoto-livche-za-pretstojnite-pretsedatelski-izbori/a632166.

# Собрание

На првата седница годинава, Советот за Собранискиот канал во Република Северна Македонија ги усвои Деловникот за работа, Годишната програма и Планот за содржините за 2024 година, заедно со Финансискиот и инвестицискиот план за истата година. Програмата има цел да постигне неколку цели, вклучително и информирање на граѓаните за секојдневните активности на Собранието, претставување законски предлози и усвоени акти и интервјуа со раководството на Собранието, пратеници и други избрани претставници. Понатаму, во текот на шестмесечниот пробен период предвиден со Изборниот законик, Собранискиот канал ќе соработува со Македонската радио-телевизија за емитување бесплатни политички претставувања на кандидатите за изборите.[18]

Претседателот на Собранието во заминување, завршувајќи го својот втор мандат, одржа протоколарна средба со амбасадорите на земјите-членки на ЕУ и заменик-амбасадорите од САД, Обединетото Кралство и Делегацијата на ЕУ во земјава. Тој на оваа средба го презентираше извештајот за својата работа во текот на неговиот мандат како претседател на Собранието.[19] Исто така, тој го сподели овој извештај на последниот брифинг со новинарите[20] пред да се повлече на 15 јануари за да ја преземе улогата на премиерот во преодната влада.[21] Неговата функција ја наследи пратеник од редовите на СДСМ.[22]

На 28 март, Собранието ја почна последната нова седница во овој парламентарен состав,[23] на која ја усвои Декларацијата за одбележување на четвртата годишнина од членството на Република Северна Македонија во НАТО и 75-годишнината од формирањето на Алијансата. Претседателот на Собранието истакна дека усвојувањето на Декларацијата ја одразува посветеноста за суштински придонес кон регионалниот и глобалниот мир и стабилност.[24]

18 Собранискиот канал со нова програмска шема: Советот ги усвои актите за старт на програмата, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 11 јануари 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-sobraniskiot-kanal-so-nova-programska-sema-sovetot-gi-usvoi-aktite-za-start-na-programata.nspx.

19 Претседателот Џафери го претстави мандатниот извештај пред амбасадорите на земјите-членки на ЕУ, САД, Обединетото Кралство и Делегацијата на ЕУ, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 23 јануари 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-pretsedatelot-daferi-go-pretstavi-mandatniot-izvestaj-pred-ambasadorite-na-zemjite-clenki-na-eu-sad-obedinetoto-kralstvo-i-delegacijata-na-eu.nspx.

20 Претседателот Џафери го презентира извештајот за овој мандат на завршниот брифинг со новинарите, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 24 јануари 2024, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-pretsedatelot-daferi-go-prezentira-izvestajot-za-ovoj-mandat-na-zavrsniot-brifing-so-novinarite.nspx.

21 Талат Џафери поднесе оставка од претседателската функција во Собранието, 360 степени, 25 јануари 2024, https://360stepeni.mk/talat-dhaferi-podnese-ostavka-od-pretsedatelskata-funktsija-vo-sobranieto/.

22 Јован Митрески ја презеде функцијата претседател на Собранието на Република Северна Македонија, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 26 јануари 2024, https://www.sobranie.mk//ns-newsarticle-jovan-mitreski-ja-prezede-funkcijata-pretsedatel-na-sobranieto-na-republika-severna-makedonija.nspx.

23 Во Собранието последна нова седница во овој парламентарен состав, Нова Македонија, 28 март 2024, https://novamakedonija.com.mk/featured/vo-sobranieto-posledna-nova-sednica-vo-ovoj-parlamentaren-sostav/.

24 Собранието усвои Декларација за одбележување четири години од членството во НАТО, Слободен печат, 28 март 2024, https://www.slobodenpecat.mk/sobranieto-usvoi-deklaracija-za-odbelezhuvanje-chetiri-godini-od-chlenstvoto-vo-nato/.

# Управување

Откако владата во декември ја објави својата намера да донесе закон со кој се дозволуваат дејства против поединци на црната листа на САД, Обединетото Кралство и разни меѓународни организации, Министерството за надворешни работи во јануари предложи измени на Законот за рестриктивни мерки.[25] Овие измени имаат цел да ја вклучат корупцијата и злоупотребата на службената положба како дополнителна основа за изрекување такви мерки, со што ќе се спречат лицата на црната листа да извршуваат јавни функции или да учествуваат на тендери. Меѓутоа, предлог-измените во моментов чекаат усвојување од Собранието.[26]

Преодната влада избрана на 28 јануари, по неколкунеделни несогласувања меѓу власта и опозицијата, го обележува третиот случај на ваква влада во историјата на земјата. И покрај преземањето на контролата врз одредени министерства и назначувањето на неколку заменик-министри, главната опозициска партија одби да ја поддржи преодната влада поради приговори во врска со поставувањето на претседателот на Собранието на функцијата премиер. Сепак, беше формирана преодната влада. Именувањето на поранешниот претседател на Собранието за премиер означува пресвртница, бидејќи тој е првиот премиер со албанска етничка припадност во историјата на Република Северна Македонија.[27]

Внатрешните конфликти во АА доведоа до разрешување на двајца министри (министерот за здравство и министерот за информатичко општество и администрација), кои го поддржаа сојузот со албанската опозиција. Премиерот појасни дека одлуката не се заснова на нивното професионално работење, туку има цел да избегне да има два опозициски субјекта во техничката влада.[28]

Се појавија значајни предизвици при замената на личните документи со документи што ќе го носат новото име на државата пред крајниот рок на 12 февруари, предвиден со Преспанскиот договор. По истекот на рокот, многу граѓани останаа без нови документи, што доведе до збунетост и загриженост во врска со потенцијалните казни и ограничениот пристап до услуги.[29] Бројот на поднесени барања за обновување ги преплави властите, што го натера Министерството за внатрешни работи да отвори нови пунктови како реакција на проблемот.[30]

Во јануари беше усвоена Националната стратегија за ментално здравје за млади 2024-2026,[31] а во февруари беше одобрена Националната стратегија за развој 2024-2044, во која се наведени клучните приоритети за економски и социјален развој и животна средина.[32]

Кон крајот на февруари беа усвоени измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кои се дозволија медиумски кампањи финансирани од државата и се укина забраната за реклами финансирани од државата, воведена во 2018 година. Овие измени предизвикаа

25 Владата ги усогласила предлог-измените на Законот за рестриктивни мерки и ги доставила до Собранието, 360 степени, 26 јануари 2024, https://360stepeni.mk/vladata-gi-usoglasila-predlog-izmenite-na-zakonot-za-restriktivni-merki-i-gi-dostavila-do-sobranieto/.

26 Во Собранието „заглавен" Закон за рестриктивни мерки, Канал 5, 27 март 2024, https://kanal5.com.mk/vo-sobranieto-zaglaven-zakonot-za-restriktivni-merki/a632531.

27 Македонското Собрание ја изгласа техничката влада, Радио Слободна Европа, 28 јануари 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/se-izbira-tehnichka-vlada-djaferi-veti-odgovornost-i-transparentnost-/32795100.html.

28 Фатмир Меџити и Азир Алиу веќе не се министри, Собранието гласаше за нивно разрешување, 360 степени, 10 февруари 2024, https://360stepeni.mk/fatmir-medhiti-i-azir-aliu-veke-ne-se-ministri-sobranieto-glasashe-za-nivno-razreshuvane/.

29 Можно ли е продолжување на рокот за промена на личните документи?, Радио Слободна Европа, 10 јануари 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/mozhno-li-e-prodolzhuvanje-na-rokot-za-promena-na-lichnite-dokumenti-/32768607.html.

30 Се чека повеќе од законските 15 дена за новите пасоши, Радио Слободна Европа, 22 јануари 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/se-cheka-povekje-od-zakonskite-15-dena-za-novite-pasoshi/32786717.html.

31 Владата ја усвои Националната стратегија за ментално здравје на млади 2024-2026, Радио МОФ, 17 јануари 2024, https://www.radiomof.mk/vladata-ja-usvoi-nacionalnata-strategija-za-mentalno-zdravje-na-mladi-2024-2026/.

32 Владата го утврди и усвои текстот за најголемиот стратешки документ за развојот на Република Северна Македонија во следните 20 години, Националната развојна стратегија 2024-2044, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 27 февруари 2024, https://vlada.mk/node/36094.

загриженост за независноста и интегритетот на медиумите. Дополнително, изменетиот закон му дава на Советот на Агенцијата за медиуми овластување за автоматско продолжување на лиценците на радиодифузерите, со исклучок на оние што постојано ги прекршуваат законските одредби или не известуваат правично за време на изборен циклус.[33]

# Граѓанско општество

Во текот на извештајниот период, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и понатаму беше неактивен поради тековниот бојкот од страна на членовите.[34] Некои претставници од граѓанското општество повикаа на одговорност во однос на загриженоста поврзана со промената на документите, нагласувајќи ги законските права на граѓаните да почнат правна постапка против државата за потенцијални прекршувања на нивната слобода на движење.[35]

# Граѓанска контрола врз безбедносниот/разузнавачкиот сектор

На панел-дискусија пред конвенцијата за претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ на втори март, потпретседателот на партијата изнесе обвинувања против Агенцијата за разузнавање, обвинувајќи ја за неовластено прислушкување на партиски функционери и ширење на лажни извештаи. Агенцијата за разузнавање брзо ги отфрли овие обвинувања, потврдувајќи ја својата посветеност на стандардните процедури за доверливи информации. Понатаму, Агенцијата предупреди да не се политизира нејзиното име за изборни поени и повика да не се шират дезинформации што можат да ја поткопаат довербата на јавноста во безбедносните и разузнавачките институции.[36]

33 "North Macedonia ends ban on state ads in private media" (Република Северна Македонија ја укина забраната за државни реклами на приватните медиуми), Balkan Insight, 29 февруари 2024, https://balkaninsight.com/2024/02/29/north-macedonia-ends-ban-on-state-ads-in-private-media/.

34 Европски сојуз за промени: Да се испита зошто Груби доделил пари на невладини организации блиски до ДУИ, Радио Слободна Европа, 28 јануари 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32795351.html.

35 Адвокати веќе се обраќаат до Уставен суд за заштита на слободите и правата – Невладини повикуваат на тужби против државата, Телма, 14 февруари 2024, https://telma.com.mk/2024/02/14/advokati-veke-se-obrakaat-do-ustaven-sud-za-zashtita-na-slobodite-i-pravata-nevladini-povikuvaat-na-tuzhbi-protiv-drzhavata/.

36 АР ги негира тврдењата на Николоски дека го прислушувала раководството на ВМРО-ДПМНЕ, 360 степени, 5 март 2024, https://360stepeni.mk/ar-gi-negira-tvrdenata-na-nikoloski-deka-go-prislushuvala-rakovodstvoto-na-vmro-dpmne/.

# Реформа на јавната администрација

Во јануари, Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) воспостави соработка со седум универзитети од областа на јавната администрација, ИКТ и медиумите.[37] И покрај шпекулациите во медиумите за оставка поради законски пречки поврзани со дигитализацијата и реформите на јавната администрација,[38] министерот не се повлече, но ги посочи блокадите на законите од страна на коалицијата на СДСМ и ДУИ. Потоа, на интернет-страницата на Собранието беа објавени четири закони,[39] без Законот за медиуми.[40]

По изборот на преодната/техничката влада на 28 јануари, Собранието назначи заменик-министри и дополнителни заменик-министри, вклучително и дополнителен заменик-министер во МИОА.[41] Последователно, на 13 февруари беа избрани двајца нови министри, од кои едниот ќе ја надгледува работата на МИОА.[42]

Кон крајот на февруари, Владата го разгледа индексот на квалитет на институциите, вклучително и на различни тела како МИОА, Министерството за здравство и други. МИОА иницираше нов циклус на „Методологијата за оценка на индексот на квалитет на институциите", во согласност со Стратегијата за РЈА 2023-2030 и Националниот план за управување со квалитет 2023-2025. Собирањето на податоците беше спроведено преку доставување прашалници до институциите. Управата за јавни приходи покажа највисок квалитет на работа. МИОА планира да ја прошири оваа евалуација да се спроведува на годишно ниво и притоа да вклучи и дополнителни институции.[43]

---

37 МИОА ќе соработува со седум универзитети во областите јавна администрација, ИКТ и медиуми, Канал 5, 22 јануари 2024,https://kanal5.com.mk/mioa-kje-sorabotuva-so-sedum-univerziteti-vo-oblastite-javna-administracija-ikt-i-mediumi/a622091.

38 Министерот Азир Алиу пред оставка?, Независен весник, 23 јануари 2024, https://nezavisen.mk/ministerot-azir-aliu-pred-ostavka/.

39 Закони за административни службеници, вработени во јавниот сектор, безбедност на мрежи и информатички системи, електронско управување и електронски услуги и професионален развој и обука на административни службеници.

40 Министерот Азир Алиу не поднесува оставка од функцијата, Канал 5, 23 јануари 2024, https://kanal5.com.mk/ministerot-azir-aliu-ne-podnesuva-ostavka-od-funkcijata/a622336.

41 Избрани и дополнителните заменик-министри во техничката влада, 360 степени, 28 јануари 2024, https://360stepeni.mk/izbrani-i-dopolnitelnite-zamenik-ministri-vo-tehnichkata-vlada/.

42 Собранието ги избра Илир Демири и Наим Бајрами за нови министри за здравство и информатичко општество и администрација, Радио МОФ, 13 февруари 2024, https://www.radiomof.mk/sobranieto-gi-izbra-ilir-demiri-i-naim-bajrami-za-novi-ministri-za-zdravstvo-i-informatichko-opshtestvo-i-administracija/.

43 Соопштение за спроведено истражување за индекс на квалитет на институциите, официјална интернет-страница на Министерството за информатичко општество и администрација, 5 март 2024, https://mioa.gov.mk//mk-MK/news/soopstenie-za-sprovedeno-istrazuvane-za-indeks-na-kvalitet-na-instituciite.nspx.

# Поглавје 23



# Функционирање на судството

## Стратешки документи

За да го надгледува спроведувањето на Развојната секторска стратегија за правосудството 2024-2028 ефикасно и да обезбеди придржување кон Акцискиот план, Владата на 26 март 2024 година формираше Совет за следење за нејзино спроведување. Со него претседава министерот за правда, а Советот вклучува клучни фигури, како што се министрите за внатрешни работи, информатичко општество и администрација и финансии, вицепремиерите за европски прашања и добро владеење, републичкиот обвинител, претседателите на Врховниот суд, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, како и претставници од академската заедница и граѓански организации.[44]

## Управни тела

По распишувањето на претстојните претседателски[45] и парламентарни[46] избори во Собранието, Судскиот совет одлучи привремено да ги стопира процесите за избор и оценување на одговорноста на претседателите на судовите и судиите, освен во итни случаи.[47] Оваа пауза е во согласност со Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси, кои го ограничуваат почнувањето на нови постапки за вработување или престанокот на постојните во државните и јавните институции за време на изборниот период, освен во итни случаи.[48] Оваа одлука поттикна дискусии за тоа дали судството, како независна гранка на власта, треба да биде предмет на такви ограничувања. За разлика од Судскиот совет, Советот на јавни обвинители нема усвоено таков пристап.

Откако Управниот суд го прогласи за незаконско разрешувањето на претходната претседателка на Судскиот совет, таа се врати на функцијата на трети јануари 2024 година, со што го замени нерегуларно назначениот претседател.[49] Како одговор на загриженоста на јавноста за законитоста на дејствата преземени за време на мандатот на незаконски назначениот претседател, Судскиот совет тврди дека овие дејства остануваат правно валидни.[50] Сепак, ова тврдење е оспорено од граѓанското општество и академската заедница, кои ја оспоруваат законитоста на одлуките донесени во тој период.[51] Во меѓувреме, дипломатските претставништва[52] и другите засегнати страни[53] ја поздравија одлуката на судот, како резултат на тоа се продолжи со спроведување на претходно запрените проекти.[54]

---

44 Владата на денешната седница донесе одлука за формирање Совет за следење за имплементацијата на Развојната секторска стратегија за правосудство (2024-2028), официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 26 март 2024, https://www.pravda.gov.mk/vest/6691.

45 Достава на Решение за распишување избори за претседател на Република Северна Македонија, 14 февруари 2024, https://drive.google.com/file/d/1LgvXvn7-cx3IWbxLchlxEZY0cjyiKqYB/view.

46 Достава на Решение за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, 14 февруари 2024, https://drive.google.com/file/d/1XP6jrSKDr-BVIDuMAwCJqBGAk88qbx2g/view.

47 Соопштение од 481-та седница на Судскиот совет на РСМ – 13.03.2024 и продолжение на 20.03.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3QgOd0e.

48 Изборен законик – консолидиран текст, Службен весник на Република Македонија/Северна Македонија, бр. 40/06, 87/2006, 127/06, 136/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 82/2017, 146/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24.

49 Соопштение од 471-та итна седница на Судскиот совет на РСМ – 03.01.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4aLlYz2.

50 Соопштение, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 5 јануари 2024, https://bit.ly/3w7E9jh.

51 Коалиција „Сите за правично судење“: Сите одлуки на Судскиот совет од мај 2023 година до вчера се ништовни, ТВ 24, 4 јануари 2024, https://24.mk/details/koalicija-site-za-pravichno-sudenje-site-odluki-na-sudskiot-sovet-od-maj-2023-godina-do-vchera-se-nishtovni.

52 Амбасадорот Гир и претседателката Дамева се согласија за важноста на независноста во работењето на Судскиот совет, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 16 јануари 2024, https://bit.ly/3vUrYX7; Средба на американската амбасадорка Агелер со претседателката Дамева, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 26 јануари 2024, https://bit.ly/4b1fTOs; Претседателката Весна Дамева оствари работна посета со шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, амбасадорот Килијан Вал, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 27 февруари 2024, https://bit.ly/4d145h4.

53 Средба Дамева-Лога, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 18 јануари 2024, https://bit.ly/3QcVL49; Блупринт групата за реформи во правосудството ја поздравува одлуката на Управниот суд за поништување на одлуката за разрешување од функција на тогашната претседателка на Судски совет на РСМ, официјална интернет-страница на Блупринт групата за реформи во правосудството, 16 јануари 2024, https://bit.ly/49PHAsT.

54 Средба на претседателката Дамева со амбасадорот Коп за обновување на проектот МАТРА, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 6 февруари 2024, https://bit.ly/3JxkIUi.

Следејќи ги препораките од оценската мисија на Европската унија, Судскиот совет на 29 февруари 2024 година усвои Акциски план.[55] Овој план вклучува прецизни рокови за завршување на задачите во согласност со предлозите на ЕУ. Првата иницијатива во рамките на овој план беше почнување на изработка на Комуникациска стратегија на Судскиот совет и судовите на Република Северна Македонија (2024-2028). Таа почна да се применува во март со поддршка од Проектот на ЕУ за владеење на правото и има цел да ги подобри комуникациските способности и односите со медиумите како на Советот, така и на судовите.[56]

Во извештајниот период, член на Судскиот совет од апелациското подрачје Битола се пензионираше по исполнување на потребните услови.[57] Последователно, беше формирана комисија за справување со проблемот со ова испразнето работно место, како и испразнетото место во Врховниот суд што е празно подолго време.[58] По два неуспешни обида, комисијата беше формирана по третиот оглас за втората позиција.[59] Дополнително, двајца членови на Советот на јавни обвинители се пензионираа.[60] Овие испразнети места беа пополнети со избор на нови членови од Вишото јавно обвинителство (изборно место 3)[61] и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија (изборно место 5).[62]

## Независност и непристрасност

На 24 јануари 2024 година беше формиран новиот Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи (Совет за ИКТ). Овој тринаесетчлен совет вклучува, по првпат, претставник од граѓанскиот сектор, Блупринт групата за реформи во правосудството и претставник од Академијата за судии и јавни обвинители. Членовите на Советот се именуваат со мандат од две години.[63]

Судскиот совет најави иницирање постапка за јавна набавка за да се опреми со опрема за аудио- и видео-снимање и пренос во живо од своите седници со цел да ја зголеми транспарентноста. До завршување на овој процес, сите медиуми се поканети да ги следат и да ги пренесуваат сесиите во живо без надоместок. Оваа привремена мерка ја одразува посветеноста на Советот за неселективност и еднаков пристап за сите медиуми, нагласувајќи дека не постојат ексклузивни медиумски партнерства.[64]

---

55 Соопштение од 480-та седница на Судскиот совет на РСМ – 29.02.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3UcMlqy.

56 Работилница за изработка на Комуникациска стратегија на Судскиот совет и судовите на Република Северна Македонија (2024-2028), официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 19 март 2024, https://bit.ly/3vXJqdj.

57 Соопштение од 476-та седница на Судскиот совет на РСМ – 31.01.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3Uy5tk6.

58 Соопштение од 477-та седница на Судскиот совет на РСМ – 12.02.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3WeuMZV.

59 Оглас за избор на 1 (еден) член од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија и за избор на 1 (еден) член од редот на судиите од апелациско подрачје Битола, https://bit.ly/3JBgriI.

60 Одлука за престанок на функција на член – Фиданка Рајевска, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 13 февруари 2024, https://bit.ly/3xOMUiK; Записник од стотата седница на СЈОРСМ, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 28 март 2024, https://bit.ly/3QfVhKo.

61 Соопштение, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 26 јануари 2024, https://bit.ly/44d4QzK.

62 Соопштение за конечните резултати од спроведени избори за член на СЈОРСМ, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 22 март 2024, https://bit.ly/3Uxgh21.

63 Формиран новиот состав за Советот на ИКТ во правосудството, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 25 јануари 2024, https://www.pravda.gov.mk/vest/6654.

64 Соопштение, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 13 март 2024, https://bit.ly/3w6GtqS.

## Отчетност

На 17.01.2024 година, Судскиот совет со седум гласа „за“ и четири „против“ одлучи да ја прекине дисциплинската постапка против претседателот на Врховниот суд што ја инициираше член на Советот.[65]

## Професионализам и компетентност

Судскиот совет и Советот на јавни обвинители го утврдија бројот на слободни места за судии и јавни обвинители за десеттата генерација слушатели на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО). Тие одредија 162 судски позиции[66] и 30 јавно-обвинителски места.[67] Оваа распределба се заснова на претходни анализи и предвидените датуми за пензионирање на судиите и обвинителите во следните три години. Одлуките се официјално доставени до АСЈО.[68]

Во извештајниот период, Судскиот совет назначи еден судија од Апелациониот суд Гостивар и двајца од Апелациониот суд Штип[69] за кривични, односно граѓански предмети.[70] Дополнително, за Основниот суд Виница беа избрани девет поротници,[71] а уште четворица беа именувани во Основниот кривичен суд Скопје и во Основниот суд Гевгелија.[72]

Истовремено, Советот на јавни обвинители именуваше двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје.[73] Исто така, распиша огласи за пријавување за уште две јавнообвинителски места во истото обвинителство, како и по две позиции во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција Скопје.[74]

Откако Советот на јавни обвинители го одби барањето за преиспитување на одлуката за отфрлање на документацијата доставена за огласот за именување јавен обвинител на Република Северна Македонија од страна на кандидатот на Вишото јавно обвинителство,[75] Собранието пристапи кон избор на единствениот номиниран кандидат на 13 февруари 2024 година.[76]

65 Соопштение од 473-та седница на Судски совет на РСМ – 17.01.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4ban4nB.

66 Соопштение од 482-та седница на Судскиот совет на РСМ – 27.03.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/4b2ynyi.

67 Записник од 97-та седница на СЈОРСМ, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 28 февруари 2024, https://bit.ly/3UhnKAR.

68 Соопштение од 482-та седница на Судскиот совет на РСМ – 27.03.2024 година; Записник од 97-та седница на СЈОРСМ.

69 Соопштение од 477-та седница на Судскиот совет на РСМ – 12.02.2024 година.

70 Соопштение од 478-та итна седница на Судскиот совет на РСМ 13.02.2024 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3QnkXF5.

71 Соопштение од 473-та седница на Судски совет на РСМ – 17.01.2024 година.

72 Соопштение од 480-та седница на Судскиот совет на РСМ – 29.02.2024 година.

73 Одлука за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 13 февруари 2024, https://bit.ly/3waFtlw.

74 Оглас за избор на јавни обвинители, Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 13 февруари 2024, https://bit.ly/4ddDmhh.

75 Советот на јавни обвинители едногласно го отфрли барањето на Фатиме Фетаи за преиспитување на одлуката за отфрлање на нејзината кандидатура за државен јавен обвинител, А1 Оn, 11 јануари 2024, https://a1on.mk/macedonia/sovetot-na-jo-ednoglasno-go-otfrli-baranjeto-na-fatime-fetai-za-preispituvanje-na-odlukata-za-otfrlanje-na-nejzinata-kandidatura-za-drzhaven-javen-obvinitel/.

76 Љупчо Коцевски е нов државен јавен обвинител, Макфакс, 13 февруари 2024, https://bit.ly/3UAVOZW.

## Квалитет на правдата

Поради долгиот процес на јавни набавки за одржување софтвер што се користи при спроведување испити во државните институции од страна на МИОА, заедно со владиниот указ со кој се задолжуваат институциите да спроведуваат електронски испити на хартија со електронски читач, АСЈО спроведе неколку мерки за да се олесни транзицијата.[77] Овие мерки вклучуваат предлагање измени и дополнувања на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, ажурирање на Статутот на Академијата и донесување нов правилник за ревидирање на правилата за приемниот испит и нивно усогласување со изменетата законска регулатива.[78] Последователно, Управниот одбор ѝ наложи на Комисијата за приемен испит да подготви нов распоред за претстојните фази од приемниот испит, со објавување на новиот датум за квалификацискиот тест откако ќе биде финализиран.[79]

Усвојувањето на новиот распоред беше причина ВМРО-ДПМНЕ да поднесе претставка до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), за прекршување на Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси, кои забрануваат нови процедури за вработување и отпуштања во јавните и државните институции по распишувањето на изборите и наложуваат запирање на постапките што се во тек.[80]

Како одговор, АСЈО наведе сличен пример за време на изборите во 2017 година во врска со приемот на слушатели за VI генерација, при што било утврдено дека нема прекршувања, бидејќи работите се сметале за итни. Оваа одлука дополнително ја потврди Државниот инспекторат за труд по спроведен вонреден инспекциски надзор. Дополнително, АСЈО истакна дека приемот на нова генерација е сложен процес што трае повеќе од една година, а според новиот распоред, договор за вработување со Академијата најрано би се склучил во септември 2024 година, демонстрирајќи придржување на законските стандарди.[81]

77 Известување од Приемната комисија за текот на Приемниот испит и за утврдена нова временска динамика за понатамошниот дел од Приемниот испит, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 18 март 2024, https://bit.ly/3UdGkd3.

78 Ибид.

79 Распоред за полагање на квалификацискиот тест, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 29 март 2024, https://bit.ly/4d8cjUR.

80 ВМРО-ДПМНЕ поднесе пријава до ДКСК против Академијата за судии и јавни обвинители за прекршување на Изборниот законик, А1 Оn, 21 март 2024, https://a1on.mk/macedonia/vmro-dpmne-podnese-prijava-do-dksk-protiv-akademijata-za-sudii-i-javni-obviniteli-za-prekrshuvanje-na-izborniot-zakonik/.

81 Соопштение во врска со поднесена пријава против Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ до Државната комисија за спречување на корупцијата за прекршување на Изборниот законик, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 21 март 2024, https://bit.ly/3w7SP1Y.

## Ефикасност

На осми февруари 2024 година, по повлекувањето на номинацијата на поранешниот јавен обвинител на Република Северна Македонија за нов уставен судија,[82] владејачката партија предложи нов кандидат, кој потоа беше избран.[83] Со ова назначување се пополни и последното празно место со што се комплетираше составот на Уставниот суд.

На 28 февруари 2024 година, Уставниот суд донесе одлука за укинување на законското барање за наведување на националната припадност во изводите од матичната книга на родените, венчаните и умрените, со што практично се брише графата „националност“ од Законот за матична евиденција. Судот утврди дека задолжителното наведување на оваа информација е во спротивност со уставното начело за слободно изјаснување за националната припадност. Релевантниот член во Уставот не само што им дозволува на поединците слободно да се изјаснуваат за својата националност туку и го дава правото да не се изјаснат или да ја променат својата изјава – флексибилност што не ја обезбедуваа укинатите одредби.[84]

На 29 февруари 2024 година, Собранието одобри измени на шест закони, со кои се фиксираат коефициентите за плата за околу 1.060 избрани и именувани функционери, меѓу кои претседателот, замениците, министрите, судиите и јавните обвинители.[85] Овие измени го запираат секое понатамошно зголемување на платите, додека го задржаа покачувањето од 78 отсто од претходната година.[86] Измените наидоа на противење од Судскиот совет,[87] Советот на јавни обвинители,[88] Здружението на судии[89] и Здружението на јавни обвинители,[90] кои тврдат дека измените ја компромитираат финансиската независност на судството, негативно влијаат на одлучувањето, практиките за вработување и исплатата на додатоците на плата. Следствено, тие поднесоа иницијативи до Уставниот суд за оценка на уставноста и законитоста на овие амандмани, особено оние што ги засегаат законите за плати на судиите, членовите на Судскиот совет, членовите на Советот на јавни обвинители и јавните обвинители.[91] Потоа, на 19 март 2024 година, Владата одобри и намалување на коефициентите на платите за функционерите што ги именува, со што се обезбеди усогласување со Законот за плата и други надоместоци за избраните и именувани функционери.[92]

82 Повлечен предлогот Љубомир Јовески да биде избран за уставен судија, 360 степени, 24 јануари 2024, https://360stepeni.mk/joveski-iznenaduvachki-i-vulgarno-e-toa-shto-predlogot-za-ustaven-sudija-e-povlechen-bez-da-se-navedat-osnovnite-prichini/.

83 Ана Павловска-Данева избрана за уставен судија – комплетиран е составот на Уставниот суд, Телма ТВ, 8 февруари 2024, https://telma.com.mk/2024/02/08/ana-pavlovska-daneva-izbrana-za-ustaven-sudija-kompletiran-e-sostavot-na-ustavniot-sud/.

84 Укинат делот „националност“ во три члена од Законот за матична евиденција, официјална интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 28 февруари 2024, https://ustavensud.mk/?p=25759.

85 Изгласани пакетот закони за платите на избраните и именуваните лица, Biznisvesti.mk, 29 февруари 2024, https://biznisvesti.mk/izglasani-paketot-zakoni-za-platite-na-izbranite-i-imenuvanite-litsa/.

86 Ибид.

87 Соопштение, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 28 февруари 2024, https://bit.ly/49UBjvX.

88 Соопштение, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 19 март 2024, https://bit.ly/3UxdpCg.

89 Соопштение на јавноста во врска со Предлог на Законот за изменување на Законот за платите на судиите по скратена постапка, официјална интернет-страница на Здружението на судии на Република Северна Македонија, 28 февруари 2024, https://bit.ly/49WdCU2.

90 Здружението на јавни обвинители реагира по најавените законски измени за платите, А1 Оn, 28 февруари 2024, https://a1on.mk/macedonia/zdruzhenieto-na-javni-obviniteli-reagira-po-najavenite-zakonski-izmeni-za-platite/.

91 Соопштение, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 6 март 2024, https://bit.ly/4bcPltE; Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста, официјална интернет-страница на Здружението на судии на Република Северна Македонија, 7 март 2024, https://bit.ly/4d8Ghbn.

92 Од 11-тата владина седница: Одлука за намалување на коефициентите на платите на функционерите кои ги именува Владата; Заклучок во насока на реализација на правото на глас на граѓани со истечени лични документи, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 19 март 2024, https://vlada.mk/node/36224.

# Борба против корупцијата

Последниот Индекс на перцепција на корупцијата на Транспаренси интернешнл ја рангираше Република Северна Македонија на 76. место во светот со 42 индексни поени, наспроти 85. место минатата година со 40 индексни поени. Ваквото рангирање покажува напредок и покрај загрижувачките случувања[93] во текот на изминатата година.[94]

Според Националната оценка на системот на интегритет за 2023 година, подготвена и објавена од Транспаренси интернешнл – Македонија, ДКСК заедно со Државниот завод за ревизија и Народниот правобранител имаат најдобри резултати за интегритет, отчетност, одговорност и подготвеност за борба против корупцијата.[95] ДКСК е еден од столбовите што го сочинуваат овој систем за интегритет и е означен како втор на листата од 15 столба. Во исто време, Јавното обвинителство (ЈО) е најниско оценетиот столб.[96]

Во вториот додаток на Вториот извештај за Република Северна Македонија, Групата држави против корупција (ГРЕКО) оцени дека од 19 препораки поврзани со спречување на корупцијата кај пратениците, судиите и обвинителите, 14 се спроведени во задоволителен степен, четири препораки се делумно спроведени, а само една препорака не е спроведена од страна на земјава.[97]

## Државна комисија за спречување на корупција

Кон крајот на мандатот на сегашниот состав на ДКСК, тие известија дека отвориле 5.283 предмети за време на својот мандат, од кои 2.872 за корупција, 888 за судир на интереси, 144 за забрани поврзани со изборниот процес и 1.379 за проверка на имотната состојба. Издале 898 платни налози за прекршувања на законот, при што наплатиле казни во вредност од околу осум милиони евра што влегле во државниот буџет.[98] Но, и покрај иницирањето на 56 кривични постапки, не се поднесени обвиненија поради непостапувањето на други институции.[99] Својот мандат го заврши со средби со претставници на ГО за да разговараат за нивните достигнувања и предизвиците со кои се соочиле во текот на нивната работа.[100]

Новата ДКСК, составена од четворица ревизори, двајца вработени во ДКСК и еден судија,[101] почна со работа на осми февруари. Својата работа ја почнаа со разговори со претходните членови[102] за

93 Ваквите настани ги вклучуваат недемократски усвоените измени и дополнувања на Кривичниот законик со кои се намалуваат казните за злоупотреба на службената положба за лична корист и скратени рокови за поведување постапка за сомнежи за случаи за корупција, како и политички мотивирани назначувања и разрешувања на судски службеници.

94 ИПК 2023 за Источна Европа и централна Азија: Автократијата и слабите правосудни системи овозможуваат широкораспространета корупција, официјална интернет-страница на Транспаренси интернешнл – Македонија (блог), 30 јануари 2024, https://transparency.mk/2024/01/30/ipk-2023-za-istochna-evropa-i-czentralna-azi%d1%98a-avtokrati%d1%98ata-i-slabite-pravosudni-sistemi-ovozmozhuvaat-shiroko-rasprostraneta-korupczi%d1%98a/.

95 Slagjana Taseva et al., National Integrity System Assessment 2023 (Национален систем за интегритет-оценка 2023, Транспаренси интернешнл – Македонија, 17 ноември 2023), https://transparency.mk/wp-content/uploads/2024/01/national.integrity.system.assessment.2023-4.pdf.

96 Ревизија, Антикорупциска и Омбудсман со најдобри резултати за интегритет, најслаби обвинителството, судовите и службите за спроведување на законите, Нова ТВ, 12 јануари 2024, https://novatv.mk/revizija-antikoruptsiska-i-ombudsman-so-najdobri-rezultati-za-integritet-najslabi-obvinitelstvoto-sudovite-i-sluzhbite-za-sproveduvane-na-zakonite/.

97 ГРЕКО сè уште чека македонските власти да ја укинат функцијата на министерот за правда во Судскиот совет, 360 степени, 12 март 2024, https://360stepeni.mk/greko-se-ushte-cheka-makedonskite-vlasti-da-ja-ukinat-funktsijata-na-ministerot-za-pravda-vo-sudskiot-sovet/.

98 Пет години мандат На ДКСК: Судските разрешници против функционерите аманет за идните антикорупционери, Слободен печат, 31 јануари 2024, https://www.slobodenpecat.mk/https-www-slobodenpecat-mk-pet-godini-mandat-na-dksk-sudskite-razreshnici-protiv-funkcionerite-amanet-na-antikorupcionerite/.

99 За пет години нема епилог од ниту една иницијатива на Антикорупциската, Радио МОФ, 1 февруари 2024, https://www.radiomof.mk/za-pet-godini-nema-epilog-od-nitu-edna-inicijativa-na-antikorupciskata/.

100 Средба со претставниците на невладините организации, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата (блог), 2 февруари 2024, https://bit.ly/3PVuO4E.

101 Ревизори, службеници и судијка – утврдени членовите на новиот состав на Антикорупциска комисија, Радио МОФ, 29 ноември 2023, https://www.radiomof.mk/revizori-sluzhbenici-i-sudijka-utvrdeni-chlenovite-na-noviot-sostav-na-antikorupciska-komisija/?fbclid=IwAR2dKaTrpoBFuaXyE6OtzQCF2pbQTsUyXOVOGd7aE4Ent5LfnFpSI-qY0ZI.

102 Почна мандатот на новиот состав на Државната комисија за спречување на корупцијата, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата (блог), 8 февруари 2024, https://bit.ly/43RYxkQ.

тековните активности и предизвици, ја одржаа првата седница[103] и најавија мерки за фер избори, како што се следење и пријавување незаконитости.[104] Исто така, тие одржаа повеќе состаноци со Јавниот обвинител на Република Северна Македонија,[105] граѓанското општество[106] и претстојната Набљудувачка мисија за изборите (НМИ) на Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) на ОБСЕ,[107] со цел борба против корупцијата и изборните нерегуларности.[108]

Дополнително, тие воведоа нов електронски систем за анкетните листови преку https://imotnasostojba.dksk.mk/.[109] Тие ги повикаа сите досегашни избрани и именувани лица кои имаа обврска да достават изјави за интерес тоа да го сторат на новиот формулар.[110]

ДКСК потпиша и меморандум за соработка со Управата за финансиска полиција за унапредување на меѓусебната соработка преку навремена, непосредна и меѓусебна комуникација. Ова ќе обезбеди размена на суштински податоци и информации и подготовка на заеднички проекти за унапредување на меѓуинституционалната соработка.[111]

## Јавно обвинителство

На почетокот на годината, М-НАВ – Македонски давател на услуги на воздухопловна навигација на Меѓународниот аеродром на Скопје се соочи со превирања. Вработувања без никаков конкурс, фаворизирање на политички врски, а потоа и штрајк предводен од контролорите на летање. Политичкото мешање ескалираше, а се случи и инцидент со прекршување на безбедносните бариери и напад врз контролорите,[112] што предизвика закана со штрајк со забрана за летови.[113] Владата презеде итни мерки, вклучително и разрешување на директорите на М-НАВ.[114] Премиерот изјави дека М-НАВ станала семејна компанија, наведувајќи примери за непотизам и кронизам[115] и оттука изјави дека Евроконтрол и домашните државни институции треба посериозно да се занимаваат со овие прашања,[116] а истовремено најави и инспекција од Трудовата инспекција.[117] Делегацијата на ЕУ побара истраги за наводите за кронизам и насилството врз персоналот кој работи во М-НАВ.[118]

103 Прва (конститутивна) седница на ДКСК, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата (блог), 15 февруари 2024, https://bit.ly/4cONhdc.

104 Известување, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата (блог), 16 февруари 2024, https://bit.ly/43RZsBO.

105 Средба со Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата (блог), 13 март 2024, https://bit.ly/49uBv4W.

106 Средба со претставници на граѓанскиот сектор – членки на Платформата за борба против корупцијата, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата (блог), 13 март 2024, https://bit.ly/49rntkh.

107 Средба со Џилијан Стирк, шеф на Мисијата за набљудување на претстојните избори (ЕОМ) на ОБСЕ – Канцеларија за демократски институции и човекови права (ОДИХР), официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата (блог), 28 март 2024, https://bit.ly/4d266tA.

108 Работна средба со Јавното обвинителство во врска со активностите за следење на изборниот процес, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата (блог), 21 март 2024, https://bit.ly/3vSL8fK.

109 Од 01.01.2024 ќе биде во функција новиот електронски систем за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 28 декември 2023, https://bit.ly/3O727Rl.

110 Јавен повик, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата (блог), 1 март 2024, https://bit.ly/43Wd8fl.

111 Потпишан меморандум за соработка помеѓу Државната комисија за спречување на корупцијата и Управата за финансиска полиција, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата (блог), 26 март 2024, https://bit.ly/3VZBH8S.

112 „Ние навигираме, а во ходникот викотници и тепачки – и како не бил загрозен авиосообраќајот?!“ Контролори на летање сведочат за упадот на бандата на Незири, Plusinfo.mk, 9 јануари 2024, https://plusinfo.mk/nie-navigirame-a-vo-hodnikot-vikotnici-i-tepachki-i-kako-ne-bil-zagrozen-aviosoobra-a-ot-kontrolori-na-leta-e-svedochat-za-upadot-na-bandata-na-neziri/.

113 Некој нема да лета – директорите или авионите, Радио Слободна Европа, 9 јануари 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/nekoj-nema-da-leta---direktorite-ili-avionite-/32767014.html.

114 Едногласно разрешени директорите во М-НАВ, нов извршен Илир Мемеди, Канал 5, 9 јануари 2024, https://kanal5.com.mk/kanal-5-doznava-ednoglasno-razresheni-direktorite-vo-m-nav-nov-izvrshen-ilir-memedi/a620178.

115 Министрите негираат дека влијаеле при вработувањата во М-НАВ, Дојче веле, 17 јануари 2024, https://www.dw.com/mk/ministrite-negiraat-nepotizam-damkata-za-vrabotuvanata-vo-mnav-ostanuva/a-68007644?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss.

116 Ковачевски: М-НАВ станала семејна фирма, треба посериозно да се позанимаваме со неа, Nezavisen.mk, 9 јануари 2024, https://nezavisen.mk/kovachevski-m-nav-stanala-semejna-firma-treba-poseriozno-da-se-pozanimavame-so-nea/.

117 Трудова ќе ги проверува синдикатите во М-НАВ: „Таа фирма е семејна, брат му на Тасевски работи таму, татко му работел таму“, А1 On, 10 јануари 2024, https://a1on.mk/macedonia/trudova-kje-gi-proveruva-sindikatite-vo-m-nav-taa-firma-e-semejna-brat-mu-na-tasevski-raboti-tamu-tatko-mu-rabotel-tamu/.

118 Делегација на ЕУ: Очекуваме државните власти да ги истражат наводите за кронизам во вработувања во М-НАВ, 360 степени, 9 јануари 2024, https://360stepeni.mk/delegatsija-na-eu-ochekuvame-drzhavnite-vlasti-da-gi-istrazhat-navodite-za-kronizam-vo-vrabotuvana-vo-m-nav/.

Потоа беа именувани нови директори на М-НАВ,[119] а Агенцијата за цивилно воздухопловство изврши вонреден надзор на М-НАВ, при што беа откриени низа тешки прекршувања и непочитување на законските одредби од областа на безбедноста и беа изречени 11 задолжителни мерки за М-НАВ, како и прекршочни пријави и санкции за правниот субјект и за физички лица.[120] Согласно истрагата на ОЈО, судот на сторителите на насилниот упад во М-НАВ им одреди или куќен или затворски притвор и сите беа приведени.[121]

Во врска со истрагата поврзана со договорот за изградба на коридорите 8 и 10-д склучен со „Бехтел и Енка", Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК) соопшти дека во изминатите десет месеци била собрана обемна документација, неколку лица биле повикани на распит, а имало и тековна соработка со Државниот завод за ревизија. Сепак, истрагата допрва треба да даде конечен резултат. Од ОЈО ГОКК наведуваат дека тоа се должи на обемноста на предметот и нивните ограничени ресурси. Во моментов, само еден истражител е назначен за предметот од вкупно 20 во институцијата.[122]

По долга истрага, ОЈО ГОКК поднесе обвинителен акт против градоначалникот на Струга за набавка на луксузен автомобил на сметка на Општина Струга. Тој е обвинет за злоупотреба на службената положба и овластувања по член 353 став 4 од Кривичниот законик, што предвидува затворска казна од една до пет години, доколку биде прогласен за виновен.[123] Основниот кривичен суд Скопје изјави дека надлежен е судот каде што е сторено кривичното дело. Оттука, предметот се префрли во Основниот суд Струга.[124]

Во предметот „Титаник", Апелациониот суд Скопје му одреди условен отпуст на поранешниот министер за транспорт и врски, кој ќе биде пуштен на слобода во јуни. Од друга страна, судот не донесе ваква одлука за овој предмет во врска со поранешниот началник на Управата за безбедност и контраразузнавање. Сепак, ја прифати неговата жалба и го врати предметот на повторно судење пред Основниот кривичен суд Скопје.[125]

Во предметот „Трезор", поранешниот началник на Управата за безбедност и контраразузнавање беше обвинет за злоупотреба на средства од државниот буџет за набавка на електронска комуникациска опрема за потребите на институцијата. Судот одлучи да го ослободи од обвинение затоа што јавниот обвинител не докажал вонразумен сомнеж дека тој и другите обвинети го сториле делото за кое се обвинети.[126]

119 М-НАВ има ново раководство – Милан Кораќ претседател на Управниот одбор, Mkd.mk, 26 јануари 2024, https://mkd.mk/m-nav-ima-novo-rakovodstvo-milan-korak-pretsedatel-na-upravniot-odbor/.

120 Надзор: 11 задолжителни препораки за безбедноста во М-НАВ, Дојче веле, 25 јануари 2024, https://www.dw.com/mk/vonreden-nadzor-seriozni-propusti-i-prekrsuvana-na-procedurite-za-bezbednost-vo-mnav/a-68069754?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss.

121 Уапсени сите осомничени за упадот во М-НАВ, едно лице доби затворски притвор, Радио Слободна Европа, 18 јануари 2024, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32782370.html.

122 Се работи на предметот за надзорот над „Бехтел и Енка" – Со еден истражител, а куп документи, 360 степени, 1 март 2024, https://360stepeni.mk/se-raboti-na-predmetot-za-nadzorot-nad-behtel-i-enka-so-eden-istrazhitel-a-kup-dokumenti/.

123 ОЈО ГОКК по долга истрага поднесе обвинение против Рамиз Мерко за набавката на луксузното „ауди", 360 степени, 1 март 2024, https://360stepeni.mk/ojo-gokk-po-dolga-istraga-podnese-obvinenie-protiv-ramiz-merko-za-nabavkata-na-luksuznoto-audi/.

124 Скопскиот суд се прогласи за ненадлежен за обвинението против Рамиз Мерко, предметот е препратен до судот во Струга, 360 степени, 6 март 2024, https://360stepeni.mk/skopskiot-sud-se-proglasi-za-nenadlezhen-za-obvinenieto-protiv-ramiz-merko-predmetot-e-prepraten-do-sudot-vo-struga/.

125 Апелација: Јанакиески во јуни излегува на слобода, а за условен отпуст на Мијалков ќе одлучува Кривичен суд, 360 степени, 12 март 2024, https://360stepeni.mk/apelatsija-janakieski-vo-juni-izleguva-na-sloboda-a-za-usloven-otpust-na-mijalkov-ke-odluchuva-krivichen/.

126 Мијалков, Грујовски и Јакимовски добија ослободителна пресуда во случајот „Трезор", 360 степени, 22 февруари 2024, https://360stepeni.mk/mijalkov-grujovski-i-jakimovski-dobija-osloboditelna-presuda-vo-sluchajot-trezor/.

## Правна рамка

Министерството за надворешни работи предложи измени на Законот за рестриктивни мерки со кои ќе се вклучат правни акти од Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство како основа за изрекување на такви мерки во Република Северна Македонија. Оваа иницијатива има цел да го прошири опсегот на достапни рестриктивни мерки и алатки, додавајќи ја корупцијата и злоупотребата на службената должност заедно со тероризмот и пролиферацијата на оружје.[127] Предлогот следува по зголемениот број на поранешни или сегашни јавни функционери, меѓу кои и поранешната специјална јавна обвинителка и актуелниот градоначалник на Општина Карпош и нивните семејства кои беа ставени на американската „црна листа“.[128]

За борба против корупцијата на граничните премини, Националниот совет за спроведување на Националната стратегија за интегрирано гранично управување предложи измена на Законот за гранична полиција. Со овие измени и дополнувања ќе се воведе полиграфско тестирање за службениците на граничната контрола како антикорупциска мерка. Тестирањето би го спроведувала независна институција, а ако не се помине тестот, тоа ќе резултира со итно отпуштање, по што ќе следува дополнителна истрага од страна на ОЈО.[129]

127 Американската „црна листа“ ќе стане основ за санкции и во земјава, 360 степени, 11 јануари 2024, https://360stepeni.mk/amerikanskata-tsrna-lista-ke-stane-osnov-za-sanktsii-i-vo-zemjava/.

128 Катица Јанева и Стевчо Јакимовски ставени на „црната листа“ на САД, 360 степени, 18 март 2024, https://360stepeni.mk/katitsa-janeva-i-stevcho-jakimovski-staveni-na-tsrnata-lista-na-sad/.

129 Се предлага полиграфско тестирање на граничните службеници како мерка во борбата против корупцијата, 360 степени, 6 март 2024, https://360stepeni.mk/se-predlaga-poligrafsko-testirane-na-granichnite-sluzhbenitsite-kako-merka-vo-borbata-protiv-koruptsijata/.

# Темелни права

## Судска практика на Европскиот суд за човекови права

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) донесе пресуда на 16 јануари по предметот Пешов и Ристовски против Република Северна Македонија. Случајот се вртеше околу загриженоста во врска со несоодветните образложенија во одлуките на националните судови со кои бил определен притвор за жалителите и одредени процедурални пропусти во постапките во случајот. Овие правни дејства произлегле од две кривични постапки поврзани со инцидентот на 27 април 2017 година, кога група демонстранти влегоа во зградата на Собранието.[130] ЕСЧП пресуди дека има повреда на член 5, став 3 и 4 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) во однос на двајцата жалители. Како резултат на тоа, на државата ѝ беше наложено на секој жалител да му исплати надоместок во износ од 750 евра за нематеријална штета. Дополнително, на земјата ѝ беше наложено да им плати 2.940 евра на жалителите за покривање на трошоците и давачките поврзани со постапката.[131]

На истиот датум, ЕСЧП донесе пресуда во предметот Василевски против Република Северна Македонија во врска со отсуството на контрадикторна постапка во врска со притворот на жалителот, согласно кривичната постапка за истиот инцидент на 27 април 2017 година. ЕСЧП одлучи дека има повреда на член 5, став 4 од ЕКЧП и ѝ наложи на државата да му плати на жалителот 800 евра за нематеријална штета и 400 евра за трошоци и давачки.[132]

На шести февруари, ЕСЧП донесе пресуда во предметот Жежовски против Република Северна Македонија во врска со арбитрарноста во одлучувањето на домашните судови во постапките за противизвршување, што е спротивно на член 6 од ЕКЧП. ЕСЧП одлучи дека има повреда на член 6, став 1 од ЕКЧП и ѝ наложи државата да му плати на жалителот 3.600 евра за нематеријална штета и 1.220 евра за трошоци и давачки.[133]

На 20 февруари, ЕСЧП донесе пресуда во случајот Иљаз против Република Северна Македонија во врска со пропуст од страна на домашните власти да ги истражат наводите за физички напад и закани упатени кон жалителот од страна на приватно лице. ЕСЧП одлучи дека имало повреда на процедуралниот аспект од член 3 од ЕКЧП и ѝ наложи на државата да му плати на жалителот 3.000 евра за нематеријална штета и 1.220 евра за трошоци и давачки.[134]

## Народниот правобранител

На 149-та седница, Собранието одлучи да не ги разгледува ниту да ги усвои измените на Законот за Народниот правобранител поради немање превод. Оваа одлука ја остава институцијата без дефиниран „статус“, што влијае на нејзините меѓународни обврски и углед и го попречува нејзиното зголемено вклучување во меѓународните организации.[135]

130 Ристовски и Пешов биле неоправдано држени во притвор, одлучи Европскиот суд за човекови права, Слободен печат, 16 јануари 2024, https://www.slobodenpecat.mk/ristovski-i-peshov-bile-neopravdano-drzheni-vo-pritvor-odluchi-evropskiot-sud-za-chovekovi-prava/.

131 ЕСЧП. Случај Пешов и Ристовски против Република Северна Македонија (А. бр. 18678/18 и 19821/20), 16 јануари 2024, https://bit.ly/3UdBVIm.

132 ЕСЧП. Случај Василевски против Република Северна Македонија (А. бр. 27509/18), 16 јануари 2024, https://bit.ly/3xwMUDX.

133 ЕСЧП. Случај Жежовски против Република Северна Македонија (А. бр. 52572/18), 6 февруари 2024, https://bit.ly/3vMgBAq.

134 ЕСЧП. Случај Иљаз против Република Северна Македонија (А. бр. 53040/19), 20 февруари 2024, https://bit.ly/3JgwfHc.

135 Омбудсманот со остра реакција до Собранието затоа што не ги донесе измените на Законот за Народниот правобранител, 360 степени, 29 март 2024, https://360stepeni.mk/ombudsmanot-so-ostra-reaktsija-do-sobranieto-zatoa-shto-ne-gi-donese-izmenite-na-zakonot-za-narodniot-pravobranitel/.

По претходно изразената загриженост на Народниот правобранител[136] во врска со обврската на граѓаните да извадат нови лични документи на кои ќе стои името „Република Северна Македонија" од Министерството за внатрешни работи (МВР), што наметнува значително финансиско оптоварување,[137] институцијата продолжи да прима претставки во врска со организацијата на процесот и неможноста на граѓаните да дојдат до документите. Тимови од канцеларијата на Народниот правобранител излегоа на терен и им помагаа на граѓаните на кои итно им требаа лични документи да ги подигнат од МВР. Следствено, институцијата го задолжи МВР да ја подобри организацијата на процесот за издавање на лични документи.[138]

## Затворски и притворски установи

Кон средината на јануари Министерството за правда соопшти дека предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкции е ставен на дневен ред на собраниска седница.[139] Овие измени и дополнувања имаат цел да ги решат безбедносните проблеми во затворите, да создадат посигурна затворска средина и да обезбедат општа безбедност во државата, што треба да се постигне со формирање единица за затворско разузнавање и единица за интервенција. Дополнително, измените пропишуваат воспоставување систем за видеонадзор и користење камери на телата на полицајците во затворите, што треба да ја намали корупцијата во таквите установи.[140] Собранието ги усвои овие амандмани кон крајот на март.[141]

Во рамките на координираните акции во затворските установи низ државата, извршен е претрес во затворот во Прилеп од страна на полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при Секторот за внатрешни работи Прилеп во координација со колеги од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при Бирото за јавна безбедност. При претресот било откриено дека осудените лица поседувале дрога, дигитални ваги и пари, кои ги одзеле полицајците.[142]

## Заштита на личните податоци

На Европскиот ден за заштита на податоците (28 јануари), беа истакнати сериозни недостатоци во оваа област. Тука спаѓаат недостигот на персонал и недостигот на експерти во Агенцијата за заштита на лични податоци (АЗЛП), при што 25% од вработените заминале од Агенцијата во изминатите пет години за повисоки плати во приватниот сектор. Дополнително, постои недостиг на законска регулатива што ја третира злоупотребата на личните податоци како кривично дело, нагласувајќи ја потребата од зајакнување на судството и обвинителството. Понатаму, постои итна потреба да се обезбеди заштита на децата и младите во современиот технолошки пејзаж.[143]

136 Зибери: Владата уште еднаш да ја разгледа можноста за покривање на трошоците за личните карти, 360 степени, 24 август 2023, https://360stepeni.mk/ziberi-vladata-ushte-ednash-da-ja-razgleda-mozhnosta-za-pokrivane-na-troshotsite-za-lichnite-karti/.

137 По 12-ти февруари, сите лични документи со Република Македонија, нема да важат, Slobodnaevropa.mk, 21 јули 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/po-12-ti-fevruari-site-lichni-dokumenti-so-republika-makedonija-nema-da-vazhat-/32511795.html.

138 Народниот правобранител им помогнал на граѓани да ги најдат готовите лични документи во МВР – биле ставени настрана, 360 степени, 1 март 2024, https://360stepeni.mk/narodniot-pravobranitel-im-pomognal-na-gragani-da-gi-najdat-gotovite-lichni-dokumenti-vo-mvr-bile-staveni-nastrana/.

139 Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите на собраниска седница, официјална интернет-страница на Министерството за правда (блог), 15 јануари 2024, https://pravda.gov.mk/vest/6651.

140 Камери на телата на полицајците за помалку мито во затворите, затворско разузнавање за поголема безбедност, Слободен печат, 25 јануари 2024, https://www.slobodenpecat.mk/kameri-na-telata-na-policajcite-za-pomalku-mito-vo-zatvorite-zatvorsko-razuznavanje-za-pogolema-bezbednost/.

141 Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 74/2024 § (n.d.).

142 Марихуана, дигитални ваги и пари пронајдени при претрес во прилепскиот затвор, 360 степени, 3 март 2024, https://360stepeni.mk/marihuana-digitalni-vagi-i-pari-pronajdeni-pri-pretres-vo-prilepskiot-zatvor/.

143 Гир: Недостига експертиза, капацитетите на Агенцијата за заштита на личните податоци мора да се зголемат, Meta.mk, 26 јануари 2024, https://meta.mk/gir-nedostiga-ekspertiza-kapacitetite-na-agencijata-za-zashtita-na-lichnite-podatoci-mora-da-se-zgolemat/.

Кон средината на февруари имаше повреда на правата за заштита на личните податоци на граѓаните на Република Северна Македонија според Законот за заштита на личните податоци. Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година е објавена во Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 39/2024 година. Оваа одлука се засноваше на правосилните пресуди на ЕСЧП, кои предвидуваат исплата на доделените суми на жалители од Република Северна Македонија. Одлуката содржи список со 519 граѓани, со име и презиме, матичен број и жиро-сметки, на кои треба да се исплатат средства.[144] АЗЛП утврди дека Владата на Република Северна Македонија прекршила повеќе одредби од Законот за заштита на личните податоци, меѓу кои член 9 став (1) точка 1, 2, 3 и 6, член 10 и член 83 став (6) со објавување на вака чувствителни податоци. Како резултат на тоа, АЗЛП ѝ наложи на Владата да ја ревидира својата одлука и да ги отстрани личните податоци на граѓаните.[145]

Со оглед на неодамнешните кибернапади на одредени државни институции,[146] ДИК потврди дека континуирано се работи на заштита на податоците на гласачите и на заштита од вакви напади во пресрет на претстојните претседателски и парламентарни избори. Имено, тие изјавија дека е донесена Стратегија за ИКТ со акциски план и дека е формирано и меѓуинституционално координативно тело за ИКТ и справување со безбедносните предизвици, кое постојано ќе ги координира сите прашања поврзани со безбедноста на податоците и заштитата од кибернапади.[147]

## Слобода на мисла, свест и вера

Во втората половина на март, во Тетово се случи уште еден инцидент со скврнавење на верски објекти,[148] што следуваше по сличен инцидент на Попова Шапка кон крајот на 2023 година.[149] Непознати лица поставиле албанско знаме на куполата на црквата „Свети Атанасиј“, што веднаш било пријавено кај локалните власти од страна на црковниот одбор. Потоа, полицијата го отстранила знамето[150] и почнала истрага за откривање на сторителите.[151] За жал, ваквите инциденти продолжија, и подоцна, во март, непознати лица ги вандализираа прозорците на истата црква, што резултираше со значителна материјална штета.[152]

144 Објавени списоци со лични податоци, Академик, 15 февруари 2024, https://akademik.mk/objaveni-spisotsi-so-lichni-podatotsi/.

145 Агенцијата за заштита на личните податоци констатира прекршување на одредбите од Законот за заштита на личните податоци од страна на Владата, официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија (блог), 16 февруари 2024, https://bit.ly/43N9jc3.

146 МЕПСО се соочува со кибернапад, од компанијата уверуваат дека мрежата и снабдувањето со струја не се загрозени, 360 степени, 7 март 2024, https://360stepeni.mk/mepso-se-soochuva-so-kibernapad-od-kompanijata-uveruvaat-deka-mrezhata-i-snabduvaneto-so-struja-ne-se-zagrozeni/.

147 ДИК: Постојано работиме на заштита на личните податоци на избирачите, но и на заштита од хакерски напади, 360 степени, 13 март 2024, https://360stepeni.mk/dik-postojano-rabotime-na-zashtita-na-lichnite-podatotsi-na-izbirachite-no-i-na-zashtita-od-hakerski-napadi/.

148 Албанско знаме на куполата на црквата „Свети Атанасиј“ во тетовско кале: Во близина било поставено и знаме на УЧК, црковниот одбор пријавил скврнавење на верски објект, Фактор, 21 март 2024, https://faktor.mk/albansko-zname-na-kupolata-na-crkvata-sveti-atanasij-vo-tetovsko-kale-vo-blizina-bilo-postaveno-i-zname-na-uchk-crkovniot-odbor-prijavil-skvernavanje-na-verski-objekt.

149 Симнато знаме на МПЦ од храмот на Попова Шапка и ставено знамето на Албанија, Emagazin, 29 ноември 2023, https://bit.ly/3PV1BHl.

150 Полицијата ги отстрани знамињата на Албанија и на ОНА од манастирскиот двор на тетовското кале, Антропол, 21 март 2024, https://antropol.mk/2024/03/21/policija-zname-albanija/.

151 Полицијата трага по сторителите што поставија знаме на Албанија на црквата „Свети Атанасиј“ во Тетово, 360 степени, 21 март 2024, https://360stepeni.mk/politsijata-traga-po-storitelite-shto-postavija-zname-na-albanija-na-tsrkvata-sveti-atanasij-vo-tetovo/.

152 Непознати сторители ги искршиле прозорците на манастирот „Свети Атанасиј“ на тетовското кале, 360 степени, 30 март 2024, https://360stepeni.mk/nepoznati-litsa-gi-iskrshile-prozortsite-na-manastirot-sveti-atanasij-na-tetovskoto-kale/.

## Слобода на изразување

Неколку новинарски здруженија се спротивставија на обидот на Владата да го врати државното рекламирање во медиумите пред претстојните избори, наведувајќи го како закана по независноста на медиумите и демократските процеси.[153] И покрај тоа, на почетокот на март[154] беа донесени измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кои се укина забраната за државно рекламирање и се воведоа нови одредби за кампањи на државно и на локално ниво.[155]

Дополнително, новинарските здруженија побараа итни измени на Законот за медиуми за да се спречи злоупотребата на јавните средства од страна на фантомските онлајн-медиуми за време на изборите. Тие побараа да се направи регистар на онлајн-медиуми што добиваат државно финансирање за политички реклами. Сепак, предложените измени и дополнувања од декември 2023 година сѐ уште не се усвоени поради отсуство на политичка волја.[156]

Имаше загриженост за новинарската слобода кога уредник и сопственик на верски онлајн-портал се соочи со покана од црковен суд за критички написи во врска со работата на црквата.[157] Ова поттикна солидарност од Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ).[158] Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) го критикуваше повикот како обид за влијание врз новинарството и повика на заштита на слободата на изразување.[159]

Во друг инцидент кон крајот на март, новинар беше физички нападнат додека ја истражуваше работата на еден извршител.[160] ЗНМ[161] и ССНМ[162] го осудија нападот, нагласувајќи дека нападот на новинар е кривично дело и побараа иницирање на дисциплинска постапка од Комората на извршители. Нападот го осуди и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ), особено што беше извршен од правен практичар.[163] ОЈО Кичево иницираше соодветни мерки како одговор.[164]

153 Политички консензус за медиумска корупција преку злоупотреба на европско знаменце во Собранието, znm.org.mk, 24 февруари 2024, https://bit.ly/43LfayB.
154 Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 55/2024 § (n.d.).
155 Државните реклами се враќаат во приватните медиуми, Собранието ја укина забраната, 360 степени, 29 февруари 2024, https://360stepeni.mk/drzhavnite-reklami-se-vrakaat-vo-privatnite-mediumi-sobranieto-ja-ukina-zabranata/.
156 ЗНМ, ССНМ и СЕММ: Платеното политичко рекламирање и понатаму може да биде предмет на партиско-медиумска корупција или злоупотреба, 360 степени, 8 март 2024, https://360stepeni.mk/znm-ssnm-i-semm-platenoto-politichko-reklamirane-i-ponatamu-mozhe-da-bide-predmet-na-partisko-mediumska-koruptsija-ili-zloupotreba/.
157 Црковен суд сака да му суди на новинар, Expres.mk, 27 јануари 2024, https://www.expres.mk/crkoven-sud-saka-da-mu-sudi-na-novinar/.
158 ЗНМ се солидаризира со новинарската слобода на Марјан Николовски и повикува на транспарентен дијалог со МПЦ-ОА, znm.org.mk, 26 јануари 2024, https://bit.ly/43LdkxB.
159 ССНМ: МПЦ-ОА да не создава паралелен судски систем за новинарите, Радио МОФ, 26 јануари 2024, https://www.radiomof.mk/ssnm-mpc-oa-da-ne-sozdava-paralelen-sudski-sistem-za-novinarite/.
160 Нападнат новинарот Фуркан Салиу, Скопје инфо, 21 март 2024, https://skopjeinfo.mk/napadnat-novinarot-furkan-saliu.
161 Новинарот Фуркан Салиу физички нападнат од извршителка во Кичево – ЗНМ со остра осуда за инцидентот, 360 степени, 21 март 2024, https://360stepeni.mk/novinarot-furkan-saliu-fizichki-napadnat-od-izvrshitelka-vo-kichevo-znm-so-ostra-osuda-za-intsidentot/.
162 ССНМ е огорчен за нападот врз новинарите во Кичево, но со поздрав за брзата реакција на обвинителството, Радио МОФ, 22 март 2024, https://www.radiomof.mk/ssnm-e-ogorchen-za-napadot-vrz-novinarite-vo-kichevo-no-so-pozdrav-za-brzata-reakcija-na-obvinitelstvoto/.
163 АВМУ со осуда за нападот на новинарот Салиу, 360 степени, 22 март 2024, https://360stepeni.mk/avmu-so-osuda-za-napadot-na-novinarot-saliu/.
164 Ибид.

## Правата на детето

На средината на март, Собранието го усвои новиот Закон за правда за децата, кој, меѓу другото, ја воведува и ја уредува ресторативната правда и конкретно го регулира правото на компензација на детето-жртва.[165] Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ) го поздрави усвојувањето на новиот закон, наведувајќи дека клучните подобрувања што се внесени имаат цел да го нагласат начелото на најдобар интерес на детето во сите одлуки во врска со деца кои доаѓаат во контакт со правосудниот систем. Исто така, го продлабочува пристапот на ресторативна правда, нагласувајќи го правото на детето да биде сослушано, како и пристапот до рехабилитација и реинтеграција како посакуван исход.[166]

Во пресрет на претстојните парламентарни и претседателски избори во земјава, претставничката на УНИЦЕФ во Република Северна Македонија испрати отворено писмо до лидерите на политичките партии во кое наведува дека имаат можност да ги стават децата, младите и семејствата во фокусот на нивните изборни програми. Таа истакна дека откако била ратификувана Конвенцијата за правата на детето, земјата постигнала значителен напредок во унапредувањето на правата на децата и адолесцентите. Сепак, сѐ уште има простор за подобрување, особено затоа што децата сочинуваат 20% од резидентното население во земјата.[167]

## Ранливи групи и начелото на недискриминација

Во март, Уставниот суд укина одредба од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливите категории граѓани. Со оваа одредба се предвидува надоместок поради инвалидност само за лицата на возраст од 26 до 65 години, со што се создава нееднаков третман. Одлуката на Судот ја отстрани максималната старосна граница за добивање надоместок поради инвалидност.[168]

На почетокот на годината, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) го усвои својот етички кодекс како водич за етичкото однесување на своите членови и вработени. Овој кодекс има цел да постави етички стандарди и практики по кои ќе се водат членовите и вработените во своето однесување и при одлучувањето при остварувањето на овластувањата на КСЗД што произлегуваат од Законот за спречување и заштита од дискриминација и Деловникот за работа.[169]

Се појавија информации дека Владата планира да го премести КСЗД без да обезбеди нови простории.[170] По консултации, КСЗД најави поништување на оваа одлука, со што ѝ се овозможи да остане на сегашната локација.[171]

Кон крајот на 2023 година, КСЗД идентификуваше случаи на директна дискриминација од страна на Советот на јавни обвинители против јавна обвинителка врз основа на нејзините лични карактеристики и социјален статус и даде препорака против такви практики во иднина, барајќи јавно извинување.[172] Поранешниот претседател на Советот поднесе тужба против КСЗД пред Управниот

165 Закон за правда за децата, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 66/24 § (n.d.).

166 УНИЦЕФ: Новиот Закон за правда за деца ветува дополнително унапредување на детските права на правда и заштита, Радио МОФ, 25 март 2024, https://www.radiomof.mk/unicef-noviot-zakon-za-pravda-za-deca-vetuva-dopolnitelno-unapreduvanje-na-detskite-prava-na-pravda-i-zashtita/.

167 УНИЦЕФ со писмо до лидерите на партиите: Изборите се можност да се изработат политики за младите и децата, Радио МОФ, 26 март 2024, https://www.radiomof.mk/unicef-so-pismo-do-liderite-na-partiite-izborite-se-mozhnost-da-se-izrabotat-politiki-za-mladite-i-decata/.

168 Лицата со попреченост над 65 години ќе можат да добиваат надоместок, одлучи Уставен, 360 степени, 29 март 2024, https://360stepeni.mk/litsata-so-poprechenost-nad-65-godini-ke-mozhat-da-dobivaat-nadomestok-odluchi-ustaven/.

169 Етички кодекс на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 2/24 § (n.d.).

170 Дискриминирана Комисија за антидискриминација: Ги исфрлиле од просториите со одлука на Влада, Република, 19 јануари 2024, https://republika.mk/vesti/makedonija/diskriminirana-komisija-za-antidiskriminatsija-gi-isfrlile-od-prostoriiite-so-odluka-na-vlada/.

171 Соопштение за јавноста, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (блог), 20 јануари 2024, https://bit.ly/3vBSnIT.

172 Советот на јавни обвинители тешко ја дискриминирал обвинителката Ленче Ристоска, треба јавно да ѝ се извини, утврди Антидискриминациската комисија, Сакам да кажам, 14 декември 2023, https://bit.ly/3u2l6Wv.

суд.[173] Во исто време, актуелните членови на Советот изразија негативни ставови за КСЗД за време на седниците, предизвикувајќи загриженост кај Коалицијата „Сите за правично судење“[174] и Мрежата за заштита од дискриминација.[175]

КСЗД побара итно да се преземат мерки во врска со претходните препораки што се однесуваат на дискриминација при гласачките процеси,[176] најави засилено следење на говорот на омраза и повика на фер и демократска предизборна кампања.[177]

## Род

Во втората половина на февруари, Министерството за правда го усвои Годишниот оперативен план за 2024 година за спроведување на Вториот национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата 13/25 на ОН – Жени, мир и безбедност (2020-2025). Тој предвидува активности за ефикасна и делотворна реализација на зацртаните цели на Законот за исплата на паричен надоместок на жртвите на насилен криминал, спречување на насилството врз жените и зајакнување на капацитетите за практична примена на одредбите од Истанбулската конвенција преку обука на судии и јавни обвинители.[178]

По повод Меѓународниот ден на жената (8 Март), во Скопје се организираше марш под слоганот „Црвена линија: правата на жените не се за преговарање“.[179] За време на овој настан, учесниците поставија осум барања, односно црвени линии, кои се однесуваат на нерешени прашања, како што се неограничен пристап на жените до безбеден и легален медицински абортус во секоја општина, еднакви плати за мажите и жените, како и активностите на институциите одговорни за спречување и заштита од родово базирано насилство. Дополнително, тие побараа еднаква застапеност на жените на позиции на моќ во јавните институции и во приватниот сектор. Тие се осврнаа на статусот на работничките во културата и пристапот до платено породилно отсуство и боледување за земјоделките.[180]

173 Ленче Ристоска не доби извинување за дискриминацијата при унапредување, експретседателот на Советот на јавни обвинители ќе ја тужи Антидискриминациската комисија, Sdk.mk, 13 јануари 2024, https://sdk.mk/index.php/makedonija/lenche-ristoska-ne-dobi-izvinuvane-za-diskriminatsijata-pri-unapreduvane-ekspretsedatelot-na-sovetot-na-javni-obviniteli-ke-ja-tuzhi-antidiskriminatsiskata-komisija/.

174 Советот на јавни обвинители на седница ја навредувал и деградирал КСЗД за мислењето Јолевски да ѝ се извини на Ленче Ристоска, Фокус, 12 јануари 2024, https://fokus.mk/sovetot-na-javni-obnnmmviniteli-na-sednitsa-ja-navreduval-i-degradiral-kszd-za-misleneto-jolevski-da-i-se-izvini-na-lenche-ristoska/.

175 Мрежа за заштита од дискриминација: Советот на јавни обвинители да се извини за навредите кон КСЗД и да преземе мерки против родова дискриминација, Радио МОФ, 17 јануари 2024, https://www.radiomof.mk/mrezha-za-zashtita-od-diskriminacija-sovetot-na-javni-obviniteli-da-se-izvini-za-navredite-kon-kszd-i-da-prezeme-merki-protiv-rodova-diskriminacija/.

176 КСЗД предупредува оти на одредени категории граѓани може да им биде попречено правото на глас, 360 степени, 12 март 2024, https://360stepeni.mk/kszd-predupreduva-oti-na-odredeni-kategorii-na-gragani-mozhe-da-im-bide-poprecheno-pravoto-na-glas/.

177 Да се исполнат препораките од Комисијата за непречено гласање на сите лица. Ќе вршиме мониторинг на вознемирувачки говор! – прес-конференција на КСЗД, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (блог), 12 март 2024, https://bit.ly/3VUZN4K.

178 Министерството за правда го донесе Годишниот оперативен план за 2024 година за имплементација на Вториот национален акциски план на РСМ за имплементација на Резолуцијата на ООН 13/25 „Жени, мир и безбедност (2020-2025)“, официјална интернет-страница на Министерството за правда (блог), 22 февруари 2024, https://pravda.gov.mk/vest/6676.

179 Марш за 8 Март под слоганот „Црвена линија: Правата на жените не се за преговарање“, Радио МОФ, 5 март 2024, https://www.radiomof.mk/marsh-za-8-mart-pod-sloganot-crvena-linija-pravata-na-zhenite-ne-se-za-pregovaranje/.

180 Правата на жените не се за преговарање, порачаа учесниците на маршот по повод 8 Март, 360 степени, 8 март 2024, https://360stepeni.mk/pravata-na-zhenite-ne-se-za-pregovarane-porachaa-uchesnitsite-na-marshot-po-povod-8-mart/.

## Говор на омраза

Во пресрет на претстојната кампања за парламентарните и претседателските избори, Платформата за родова еднаквост ги повика политичките партии и нивните поддржувачи да се воздржат од навреди и ширење говор на омраза. Врз основа на искуството од претходните изборни циклуси, кои беа одбележани со силен говор на омраза, а имајќи предвид дека во овој циклус веќе има сексистички и шовинистички напади врз жените, Платформата го осуди говорот на омраза што се засилува како што се наближуваат изборите и апелира за одговорно и цивилизирано однесување.[181]

## ЛГБТИ+

На крајот на март, Основниот суд во Неготино донесе значајна одлука во Република Северна Македонија, која беше првата пресуда против говорот на омраза против лезбиски, геј, бисексуални, транс и интерсексуални лица (ЛГБТИ+) на социјалните мрежи. Обвинетиот објавил два коментари со омраза на „Фејсбук“, со кои поттикнал насилство врз ЛГБТИ+ заедницата. Поради тоа, судот го осуди обвинетиот на една година условна затворска казна за ширење расистички и ксенофобичен материјал преку компјутерски систем, согласно член 394-г став 1 од Кривичниот законик.[182]

По повод Меѓународниот ден на видливост на трансродовите лица, трансродовата заедница и нивните поддржувачи организираа марш во Скопје на тема „Маршираме храбро — 5 години видливост“. Учесниците повторно ја истакнаа важноста од усвојување на предлог-законот за матична евиденција, кој ќе им овозможи на трансродовите поединци да ја променат својата ознака за род во официјалните документи преку транспарентен процес. Исто така, тие ја изразија својата загриженост поради подемот на антиродовите движења.[183]

181 Реакција: Платформата за родова еднаквост најостро го осудува говорот на омраза во предизборниот период, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија (блог), 29 февруари 2024, https://mhc.org.mk/news/reakcija-platformata-za-rodova-ednakvost-najostro-go-osuduva-govorot-na-omraza-vo-predizborniot-period/.

182 Прва пресуда во Македонија за говор на омраза кон ЛГБТИ+ лицата на социјалните мрежи, Радио МОФ, 29 март 2024, https://www.radiomof.mk/prva-presuda-vo-makedonija-za-govor-na-omraza-kon-lgbti-licata-na-socijalnite-mrezhi/.

183 Транс-лицата се ранлива група, а не опасност, Prizma.mk, 29 март 2024, https://prizma.mk/trans-litsata-se-ranliva-grupa-a-ne-opasnost/.

## Роми

Еден неодамнешен случај укажа и на тековната дискриминација на ромската заедница во Република Северна Македонија. Во Скопје, Ромка поднела жалба до КЗСД откако била иселена од нејзиниот стан само еден ден по вселувањето. Сопственикот како причина за иселувањето ги навел протестите на соседите поради нејзината ромска етничка припадност. КЗСД потврди директна интерсекциска дискриминација врз основа на пол, раса, припадност на маргинализирана група, етничка припадност и семеен статус во домувањето и пристапот до услуги. Тие го советуваа закуподавачот во иднина да избегнува такви дискриминаторски постапки.[184]

Во друг случај, Европскиот центар за правата на Ромите (ЕЦПР) поднесе жалба против основно училиште во Прилеп за сегрегација на ученици Роми.[185] КСЗД утврди индиректна и континуирана дискриминација и препорача училиштето да престане да формира паралелки според етничка припадност. Исто така, тие ја повикаа општина Прилеп да промовира мерки за десегрегација. Дополнителните препораки вклучуваат зголемување на педагошката поддршка во училиштата, зајакнување на соработката меѓу локалните власти и граѓанското општество и спроведување на правични критериуми за упис во различни региони од страна на Министерството за образование и наука.[186]

184 Сопственик на стан во Влае ја избркал кираџиката еден ден откако се вселила, соседите му се пожалиле дека била Ромка, Sdk.mk, 15 јануари 2024, https://sdk.mk/index.php/neraskazhani-prikazni/sopstvenik-na-stan-ja-izbrkal-kiradhikata-eden-den-otkako-se-vselila-sosedite-mu-se-pozhalile-deka-bila-romka/.

185 Тело за еднаквост на Република Северна Македонија утврди дискриминација и сегрегација на Ромите во едно прилепско училиште, официјална интернет-страница на Европскиот центар за правата на Ромите – ЕЦПР (блог) [North Macedonian equality body finds discrimination & segregation of Roma in Prilep school, Official website of the European Roma Rights Centre – ERRC (blog)], 1 февруари 2024, https://www.errc.org/press-releases/north-macedonian-equality-body-finds-discrimination--segregation-of-roma-in-prilep-school.

186 ЕЦПР: Прилепско основно училиште дискриминирало ученици Роми, утврди КСЗД, Радио МОФ, 1 февруари 2024, https://www.radiomof.mk/ecpr-prilepsko-osnovno-uchilishte-diskriminiralo-uchenici-romi-utvrdi-kszd/.

